РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
МИНИСТЕРСТВО ЗА ОБРАЗОВАНИЕ И НАУКА
УП1 Бр. 14-1675
4-09-2015 20 год.
СКОПЈЕ

Приватна научна установа
ИНСТИТУТ ЗА СОВРЕМЕНИ КОМПОЗИТИ И РОБОТИКА
Бр. 03-114/4
09.10 2015 год.
Прилеп

Врз основа на член 55 став 1 од Законот за организација и работа на органите на државната управа („Службен весник на Република Македонија" бр. 58/00, 44/02, 82/08 167/10 и 51/11), а во врска со член 104 став 4 од Законот за високото образование („Службен весник на Република Македонија" бр. 35/08/, 103/08, 26/09, 83/09, 99/09, 115/10, 17/11, 51/11, 123/12, 15/13, 24/13, 41/14, 116/14, 130/14, 10/15,20/15 и 98/15), министерот за образование и наука донесе

# Р Е Ш Е Н И Е

за почеток со работа на студиската програма по Современи композити и роботика од втор циклус едногодишни и втор циклус двегодишни студии на ПНУ Институт за современи композити и роботика во Прилеп

1. Со ова решение се утврдува дека се исполнети условите за почеток со работа на студиската програма по Современи композити и роботика од втор циклус едногодишни и втор циклус двегодишни студии на ПНУ Институт за современи композити и роботика во Прилеп.

2. Ова решение влегува во сила со денот на донесување.

## О б р а з л о ж е н и е

По добиеното, од страна на Одборот за акредитација, Решение бр.16-22/2 од 30.04.2015 година за акредитација на студиската програма по Современи композити и роботика од втор циклус едногодишни студии и Решение бр.16-22/3 од 30.04.2015 година за акредитација на студиска програма по Современи композити и роботика од втор циклус двегодишни студии на Институтот за современи композити и роботика во Прилеп, Институто се обрати со барање бр. 03-109/4 од 06.08.2015 година, до Министерството за образование и наука, под наш бр. 14-1675 од12.08.2105 година, за утврдување на исполнетоста на условите за почеток со работа на студиската програма по Современи композити и роботика од втор циклус едногодишни и втор циклус двегодишни студии на ПНУ Институт за современи композити и роботика во Прилеп.

Министерот за образование и наука, со Решение бр. 14-1675 од 12.08.2015 година, формира Комисија за утврдување на исполнетоста на условите за почеток со работа.

Комисијата на ден 21.08.2015 година, изврши увид и изготви Извештај УП. 1 бр.1675 од 31.08.2015 година, каде е наведено дека за студиската програма по Современи композити и роботика од втор циклус едногодишни и втор циклус двегодишни студии на ПНУ Институт за современи композити и роботика во Прилеп, се исполнети условите согласно одредбите утврдени со Законот за високото образование и Уредбата за нормативи и стандарди за основање на високообразовни установи и за вршење на високообразовна дејност („Службен весник на Република Македонија" бр. 103/10, 168/10 и 10/11).

Имајќи го во предвид изнесеното, се одлучи како во диспозитивот на ова решение.

УПАТСТВО ЗА ПРАВНО СРЕДСТВО: Против ова решение, може да се заведе управен спор, со поднесување на тужба до Управниот суд на Република Македонија, во рок од 30 дена од денот на приемот на ова решение.

МИНИСТЕР
Abdilaqim Ademi

Доставено до:

- Примач
- Архива

изработил: Билјана Ивковска

| Примено 09.10.2015 | | | |
| --- | --- | --- | --- |
| Орг ед | Број | Прилог | Вред |
| 03 | 41/4 | | |

Архивски знак 0302
Рок на чување ТРАЈНО
09.10.2015 год Потпис